**З А П И С Н И К бр. 35**

Од одржаната 35-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 23.08.2019 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници освен Маја Илијева. Останати присутни:Методи Николов, Горан Кокев и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 34-тата и 1-вата вонредна седница.**
2. **Предлог-одлука за давање на согласност за формирање чисти паралелки со помалку од 24 ученика и формирање на една комбинирана паралелка II и III одд во ПОУ Синиша Стоилов во с.Мородвис во учебната 2019/20 година согласно Законот за основно образование член 41 ст.7 ( Сл. весник на РМ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017)**
3. **Предлог-одлука за давање на согласност за поголем број на деца во воспитните групи од бројот утврден со закон во ЈОУДГ „Бисерчиња“ с.Зрновци, општина Зрновци**
4. **Извештај за работењето на КЈП Водна Кула – Зрновци за период од 01.01.2019 до 30.06.2019 година.**
5. **Разно**

Тек на седницата.

Претседателот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Немаше допуна на дневниот ред и истиот беше усвоен со 8-ЗА гласа.

1. **Усвојување на записникот од 34-тата и 1-вата вонредна седница.**

Претседателот отвори дискусија по записникот од 34-тата седница. Никој не побара збор и записникот се усбжвои со 8-ЗА гласа. Претседателот отвори дискуија по записникот од 1-вата вонредна седница. Никој не побара збор и записникот беше усвоен со 8-ЗА гласа.

2. **Предлог-одлука за давање на согласност за формирање чисти паралелки со помалку од 24 ученика и формирање на една комбинирана паралелка II и III одд во ПОУ Синиша Стоилов во с.Мородвис во учебната 2019/20 година согласно Законот за основно образование член 41 ст.7 ( Сл. весник на РМ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017)**

Претседателот отвори дискусија по точката. Методи Николов појасни дека поради добро познатата состојба со бројот на ученици секоја година Советот треба да даде согласност на одлуката како што е дадена во материјалите. Немаше понатамошна дискусија и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

3. **Предлог-одлука за давање на согласност за поголем број на деца во воспитните групи од бројот утврден со закон во ЈОУДГ „Бисерчиња“ с.Зрновци, општина Зрновци.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Тој кажа дека според барањето од градинката се очекува поголем број на деца за наредната година и затоа се бара согласнсот од Советот. Немаше никој за дискусија и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

4. **Извештај за работењето на КЈП Водна Кула – Зрновци за период од 01.01.2019 до 30.06.2019 година.**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на директорот Горан Кокев. Тој накратко го презентирање извештајот. Тој кажа дека во овој период имало повеќе фактурирано вода, трошоците за работење биле намалени а наплатат била зголемена.Виктор Ангелов праша како е можно при вакви услови комуналното да нема пари и да бара пари од општината за наплата на долгови според судска одлука? Му беше одговорено дека КЈП има пари но тогаш во тој момент била потребна итна уплата за да се избегне блокирање на сметката на претпријатието а тој кажа дека во догледно време ќе се обиде да ја врати оваа сума на општината. Претседателот се обрати кон директорот со барање во иднина кога ќе се врши интервенција и отстранување на дефект после тоа да се среди местото а не да стои земјата со денови и да реагираат граѓаните. Немаше понатамошна дискусија и извештајот беше усвоен со 6-ЗА гласа и 2 воздржани



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

5. **Разно**

Претседателот отвори дискусија.

Виктор Новков кажа дека има појава на паркирање на возила на самиот плоштад и побара поставување на заштитни столбчиња.

Јохан Георгиев кажа дека на улицата на излезот од селото кон Виница има прекопан асфалт на кој е ставено земја но истата се ноци од водата и преставува опасност за сообраќајот.

Виктор Ангелов праша дали има извештај од посетата на формираните комисии на терен во с.Муродвис. Му беше одговорено дека посетата била само предупредувачка и дека немало извештај.

Беше усвоен следниот ЗАКЛУЧОК: Да се достави писмено барање до АД Водостопанство на РСМ да се исчисти Горна вада која оди до т.н. Раскрсница и каналот во делот под гробиштата бидејќи има многу поплаки од граѓаните.

Немаше понатамошна дискусија и седницата заврши во 13:30

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)